Акционерско друштво за производство и промет
на корпусен тапациран мебел и градежна
столарија СОВРЕМЕН ДОМ увоз-извоз АД
Бр. 05-103
15.03 2016 год.
ПРИЛЕП

# *СОВРЕМЕН ДОМ АД ПРИЛЕП*

# *ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ*

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**за работењето на Акционерско друштво СОВРЕМЕН ДОМ-ПРИЛЕП во 2015 година**

*Прилеп,Март 2016*

**СОДРЖИНА**


| **Опис** | **Страна** |
|---|---|
| 1. ОпШти информации | 3 |
| 2. Главни фактори и околности коишто влијаеле на определувањето на работењето на друштвото | 4 |
| 2.1. Промени во опкружувањето во чии што рамки друштвото дејствува | 4 |
| 2.2. Одговор на друштвото на промените и нивното влијание | 4 |
| 3. Политика на вложување за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на друштвото | 4 |
| 3.1. Политика на дивиденди | 5 |
| 3.2. Управување со ризикот на капиталот | 5 |
| 3.3 Извори на средства на друштвото | 5 |
| 3.4. Политика на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина | 5 |
| 4. Големи зделки и зделки со заинтересирана страна | 6 |
| 4.1. Големи зделки | 6 |
| 4.2. Зделки со заинтересирана страна | 6 |
| 5. Средства на друштвото чија што вредност не е одразена во билансот на состојба според меѓународните сметководствени стандарди | 7 |
| 6. Изгледите за идниот развој на друштвото и неговиот деловен потфат | 7 |
| 7. Активности во сферата на истражувањето и развојот | 7 |
| 8. Примања на Извршни членови на Одборот на директори | 7 |
| 9. Примања на неизвршните членови на одборот на директори | 7 |
| 10. Посебни податоци | 7 |
| - Биланс на успех - Извештај за добивка и загуба- Извештај за сеопфатна добивка | 8 |
| - Биланс на состојба - Извештај за финансиската состојба | 9 |
| - Индикатори | 10 |

# ГОДИШЕНИЗВЕШТАЈ заработењетонаСОВРЕМЕНДОМАДПрилеп во 2015година

## 1. ОпШти информации

**Назив и регистрација:**

Акционерско друШтво за производство и промет со корпусен тапациран мебел и градежна столарија СОВРЕМЕН ДОМ увоз-извоз Прилеп

**Форма на трговското друштво :** АД

**Седиште, телефон, е- маил**

СедиШтето на друштвото се наоѓанаул Александар Македонски бб Прилеп , Прилеп
Тел: 075 389 490

**E-mail** : mail@sovremen-dom.mk

**Дејност и вработени :**

Основна дејност на друштвото е 15.20 - Производство на обувки. Покрај ова друштвото е регистрирано и за врШење на дејност според регистрацијата на друштвото.

- Вкупниот број на вработени на 31.12.2015 година - 42 вработени

**Основачи и одговорност:**

Основачи на друштвото се Акционери согласно со акционерска книга која се води во Централниот Депозитар за хартии од вредност.

Овластувањата и одговорноста на акционерското друштво во правниот промет со трети лица е неограничено и за обврските одговара со целиот свој имот.

Лице овластено за застапување е Ацо Дудулоски, Извршен член на Одборот на директори - Генерален директор.

## 2. Главни фактори и околности коишто влијаеле на определувањето на работењето на друштвото

Во текот на 2015 година Друштвото оствари добивка во износ од 21.916 илјади денари.

Во текот на 2015 година друштвото своето работење го темелеШе на редовните дејности и тоа : проиводство на чевли и издавање на деловне простор под закуп. Производството начевли се одвиваше по утврдените планови и динамика договорени со странските партнери за кои бешена менето целото производство. Организацијата на производството се одвиваше преку фирми кои се посебни правни субјекти кои имаат договори со СовременДом АД за деловно техничка соработка и ги користат објектите и опремат и машините на СовременДом АД подзакуп. Целокупното производство беше наменето за извоз. Извезените количини беа определени и испорачани во согласност со налозите на странскиот партнер.

Издавањето на деловните простори се одвиваше воглавно со предвидената динамика и во најголем дел со веќе постоечките закупувачи кои имаат повеќегодишни договори. Околностите кои се случуваа во државата во 2015 година во многу мал дел влијаеа на овој дел од нашето работење. Имаше мал дел од фирмите закупувачи кои од разни причини ги прекинаад оговорите заз акуп ,но успеавме деловните простори да ги издадеме на други закупувачи.

### 2.1. Промени во опкружувањето во чии што рамки друштвото дејствува

Во 2015 година опкружувањето во чии што рамки работи друштвото немаше големи рефлексии на работењето во однос на производството на чевли. Општата намалена ликвидност во државата имаше влијание на редовната наплата на закупнината , а со тоа и на ликвидноста на друштвото. Поради тоа беше потребно да се бара помаш од банка за премостување на одредени периоди на неликвидност со повлекување на средства од кредитни линии.

### 2.2. Одговор на друштвото на промените и нивното влијание

Со превземените мерки за подобрување на економичноста на работењето и соодветните односи со деловните банки друштвото редовно ја одржуваШе ликвидноста и репутацијата на друШтвото во однос на опкружувањето.

## 3. Политика на вложување за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на друштвото

Одржувањето на успешноста на работењето на друштвото, покрај со стабилните договори, како во делот на производство на чевли така и во делот на издавањето деловен простор, беше поткрепено и содополнителни вложувања во преадаптација на деловните простори со кои располага друштвото.

### 3.1. Политика на дивиденда

Друштвото дел од остварената акумулирана добивка ке ја користи за покривање на загубата од претходните периоди како и дополнителни вложувања во дејностите кои ги извршува и континуирано подобрување на капиталната основа преку адаптација на постојните деловни простори со кои располага како и вложувања во соодветни хартии од вредност . дел од акумулираната добивка сто ке остане после покриванјето на загубите од минатите периоди ке биде распределена за дивиденд на акционерите.

### 3.2. Управување со ризикот на капиталот

Ризикот од ликвидност , од зголемување на каматните стапки ,како и ризикот од флуктуации на пазарот на капитал, постојано е присутен поради недоволната економска стабилност ,како и поради актуелната политичка нестабилност во нашата држава. Но ние постојано централизирано ја управувавме ликвидноста и краткорочно обезбедувавме банкарски средства за во ниеден момент не дојде до ризик од блокирање од страна на доверители. Сите овие активности се во функција на обезбедување на принципот на континуитет преку настојување да се постигне оптимален баланс меЃу долговите и вкупната главнина.

### 3.3 Извори на средства на друштвото

Во 2015 година средва за тековно работење како и .За потребите на преадаптацијаи реконструкција н аделовните објекти беа користени средства од банкарски кредити .Покрај ова беа направени и вложувања во зајакнување на пртфолиото на друштвото со купување на акции во други акционерски друштва.При користењето на такви извори на средства од кредитни линии се водеше сметка да долгорочните кредити не ја загрозуваат ликвидноста, како и да не го нарушуваат односот на обврските и вкупните средства како и основната главнина на друштвото.

### 3.4. Политика на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина

Раководството ја анализира капиталната структура на месечна основа. Како генерално правило, набавките на нетековни средства се финансираат од долгорочни кредити обезбедени преку банки и се гарантирани од сопствени средства на друШтвото.

Показателот на задолженост на крајот на годината е како што следи:

| Опис/ износ во илјада денари | 31 декември 2015 | 31 декември 2014 |
|---|---|---|
| Обврски по кредити (долгорочни и краткорочни) | 124,173 | 49,397 |
| Пари и парични еквиваленти | 19 | 1,472 |
| Нето долг | 124,154 | 47,925 |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупна главнина | 1,217,751 | 226,366 |
| Нето показател на задолженост | 10.20% | 21.17% |

**Забелешка:**

За вреднување на недвижности по почетното признавање се применува моделот на ревалоризација (фер вредност), во согласност со МСС 16.
По почетното признавање, недвижностите чија вредност може со сигурност да се утврди, се вреднуваат според ревалоризациониот износ кој претставува фер (објективна) вредност на датумот на ревалоризирање (датумот на проценка), намалена за последователната акумулирана амортизација и соодветната акумулирана загуба поради обезвреднување.
Ревалоризација на средствата се врши доволно редовно за сметководствената вредност да не се разликува значително од фер вредноста во Извештајот за финансиската состојба.
Кај средствата за кои промените во фер вредноста се незначајни, ревалоризација се врши на секои три до пет години.
Фер вредноста на средствата се утврдува со проценка од страна на квалификуван проценител.

**4. Големи зделки и зделки со заинтересирана страна**

**4.1. Големи зделки**

Согласно со Законот за трговски друштва во кој се дефинира поимот - голема зделка ги опфаќа трансакциите кои надминуваат 20% од сегашната вредност на вкупните средства на друштвото во облик и форма на позајмица, кредити, гаранции, хипотеки.

**4.2. Зделки со заинтересирана страна**

Согласно со Законот за трговски друштва во кој се дефинира поимот - заинтересирана страна со која се опфатени сите трансакции (вклучувајќи без ограничување, заем, кредит, залог или гаранција) во која заинтересирана страна е член на орган на управување, вклучувајќи ги и раководните лица, или акционер на друШтвото кој заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас на друштвото или лице кое има овластување да дава упатства на друштвото што се задолжителни, се смета за зделка со заинтересирана страна и се извршува од страна на друштвото во соодветна постапка.

**5. Средства на друштвото чија што вредност не е одразена во билансот на состојба според меѓународните сметководствени стандарди**

На 31.12.2015 година сите средства на Друштвото се признаени во Билансот на состојба на Друштвото согласно со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се применуваат во Република Македонија.

## 6. Изгледите за идниот развој на друштвото и неговиот деловен потфат

Развојот на друштвото според остварувањата и планираните активности , во главно ќе се одвива во иста насока и со иста динамика како и досега. Производството ќе има иста динамика во согласност со договорите со странскиот партнер, а и издавањето на деловниот простор воглавно ќе биде во рамките на истиот обем пради тоа што во наредниот краткорочен план не се предвиден и проширувања во делот на инвестирање во нов деловен простор наменет за издавање.

## 7. Активности во сферата на истражувањето и развојот

Друштвото нема издатоци за истражување и развој во нови технологии.

## 8. Примања на членовите на Одборот на директори

Годишните бруто примања (плати, накнади зачленство) за 2015 година се исплатуваат согласно со актите на друштвото.

**ПАРИЧНИ ИСПЛАТИ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ ЗА 2015 година**

| Членови на Одбор на директори | Седница на УО и НО | | Дивиденда | | По Одлука | | Плата | | Регрес | | Вкупно по лице | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бруто | нето | бруто | нето | бруто | нето | бруто | нето | бруто | нето | бруто | нето |
| Ацо Дудулоски | 0 | 0 | 0 | 0 | 6762737 | 6000000 | 209456 | 146400 | 9519 | 8567 | 6981712 | 61549 |
| Димитар Цеков | 0 | 0 | 0 | 0 | 89245 | 60000 | 397603 | 270000 | 9519 | 8567 | 496367 | 33856 |
| Младен Дамев | 0 | 0 | 0 | 0 | 66666 | 60000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 66666 | 60000 |

## 9.Податоци поврзани со ЗТД

Во тек 2015 година Друштвото се стекна со акции над 10% од основната главнина во АД Скопски Пазар Скопје
Физицки лица кои поседуваат над 5% од основната главнина на друштвото:
Дудулоски Андон
Јанески Коце

**10. Посебни податоци**

- Биланс на успех - Извештај за добивка и загуба- Извештај за сеопфатна добивка
- Биланс на состојба - Извештај за финансиската состојба
- Индикатори

## 10.1. Билансnauспех

Извештајзасеопфатнадобивка

| Позиција | Тековнагодина | Претходнагодина | Инд |
|---|---|---|---|
| **ОПЕРАТИВНИПРИХОДИ** | **258,584** | **222,357** | 1 |
| Приходиодпродажба | 253,142 | 207,212 | 1 |
| Приходиодпродажбанадомашенпазар | 253,142 | 207,212 | 1 |
| Останатиоперативниприходи | 5,442 | 15,145 | 0 |
| **ОПЕРАТИВНИРАСХОДИ** | **231,528** | **206,073** | 1 |
| Трошоцизасуровиниидругиматеријали | 44,706 | 42,321 | 1 |
| Набавнавредностнапродадениматеријали, резервниделови, ситенинвентар, амбалажаиавтогуми | 4,157 | 3,039 | 1 |
| Услугисокарактернаматеријалнитрошоци | 146,384 | 120,686 | 1 |
| Трошоцизавработените | 17,044 | 18,705 | 0 |
| Амортизацијанаматеријалнитеинематеријалнитесредства | 8,733 | 6,979 | 1 |
| Вредносноусогласување (обезвреднување) натековнисредства | 1,068 | 2,325 | 0 |
| Останатирасходиодработењето | 9,436 | 12,017 | 0 |
| **ОПЕРАТИВНАДОБИВКА / ЗАГУБА** | **27,057** | **16,284** | 1 |
| **Финансискиприходи** | **132** | **342** | 0 |
| Приходиодвложувања, заемиикаматиикурсниразлики | 132 | 342 | 0 |
| **Финансискирасходи** | **5,272** | **3,075** | 1 |
| Расходипоосновнакамати, курсниразликиисличнирасходи | 5,272 | 3,075 | 1 |
| **Добивка/ загубаодредовноработењепредоданочување** | **21,917** | **13,551** | 1 |
| Данокоддобивка | 3,871 | 1,808 | 2 |
| **Нетодобивка/загубакојаимприпаѓанаакционеритенадруштвото** | **18,045** | **11,743** | 1 |
| Нетоостанатасеопфатнадобивка/загуба | | | |
| **Вкупнасеопфатнадобивка/загуба** | **18,045** | **11,743** | 1 |

**10,2, Билансносостојба**

Извештајзафинансискатасостојба

| Позиција | Тековнагодина | Претходнагодина | Индекси | Инд |
|---|---|---|---|---|
| *СРЕДСТВА* | | | | |
| **ПОСТОЈАНИСРЕДСТВА** | **1,313,703** | **257,077** | 5.11 | 1. |
| **Материјалнисредства** | **1,224,342** | **240,599** | 5.09 | 1. |
| **Долгорочнифинансискисредства** | **89,361** | **16,478** | 5.42 | 49. |
| **ТЕКОВНИСРЕДСТВА** | **57,947** | **39,390** | 1.47 | 0. |
| Залихи | 4,534 | 5,602 | **0.81** | **0.** |
| Побарувања од купувачите | 32,765 | 26,696 | **1.23** | **0.** |
| Останати побарувања | 3,664 | 1,202 | **3.05** | **0.** |
| Краткорочни вложувања | 16,965 | 4,418 | **3.84** | **0.** |
| Пари и парични еквиваленти | 19 | 1,472 | **0.01** | **0.** |
| **ВКУПНОСРЕДСТВА** | **1,371,650** | **296,466** | 4.63 | 1. |
| **ГЛАВНИНАИРЕЗЕРВИИОБВРСКИ** | | | | |
| ***ГЛАВНИНАИРЕЗЕРВИ*** | **1,217,751** | **226,367** | 5.38 | 1. |
| Основнаглавнинаиревалоризационирезерви | 201,071 | 201,072 | **1.00** | **1.** |
| Резерви | 986,262 | 12,020 | **82.05** | **1.** |
| Акумулирана добивка (загуба) | 30,418 | 13,275 | **2.29** | **-0.** |
| ***ОБВРСКИ*** | **153,899** | **70,099** | 2.20 | 2. |
| **ТЕКОВНИОБВРСКИ** | **102,543** | **23,200** | 4.42 | 1. |
| Обврски спрема добавувачи и останатиобврски | 21,658 | 15,490 | **1.40** | **1.** |
| Обврски за краткорочни кредити и хартии од вредност | 72,817 | 2,498 | **29.15** | **0.** |
| Обврски кон државата | 2,295 | 3,934 | **0.58** | **5.** |
| Останати краткорочнио бврски | 5,773 | 1,278 | **4.52** | |
| **ДОЛГОРОЧНИОБВРСКИ** | **51,356** | **46,899** | 1.10 | 3. |
| Обврски за долгорочни кредити и хартии од вредност | 51,356 | 46,899 | **1.10** | **3.** |
| **ГЛАВНИНАИРЕЗЕРВИИОБВРСКИ** | **1,371,650** | **296,466** | 4.63 | 1. |
| **ВОНБИЛАНСНАЕВИДЕНЦИЈА-ПАСИВА** | | | | |

## ИНДИКАТОРИ

| Ред. Бр. | ОПИС | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| **И.** | **ПОКАЗАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ** | | |
| 1 | Финансиска сигурност - учество на капиталот и резервите во вкупната пасива во % | 88.78% | 76.36% |
| 2 | Степен на кредитна способност - однос меѓу капиталот и резервите, долгорочните резервирања и долгорочните обврски со постојанита средства во % | 96.61% | 106.30% |
| 3 | Степен на самофинансирање - однос меѓу капиталот и резервите, долгорочните резервирања и постојаните средства и залихите во % | 96.27% | 104.03% |
| 4 | Степен на покритие на тековни средства во % | -77.0% | 41.1% |
| **ИИ.** | **ПОКАЗАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА ЛИКВИДНОСТ** | | |
| 5 | Моментна ликвидност - однос меѓу паричните средства и хартиите од вредност и обврските | 0.01% | 2.10% |
| 6 | Тековна ликвидност - однос меѓу тековните средства намалени за залихите и обврските во % | 34.71% | 48.20% |
| 7 | Општа ликвидност - однос меѓу тековните средства и обврските во % | 56.51% | 169.78% |
| 8 | Денови на врзување на побарувањата ( цел број) однос меѓу производот на вредноста на побарувањата и бројот на денови во годината спрема приходите од основна дејност и други активности | 46 | 44 |
| 9 | Денови на врзување на залихи( цел број) однос меѓу производот на вредноста на залихите и бројот на денови во годината спрема приходите од основна дејност и други активности | 6 | 9 |
| 10 | Денови на плаќање на обврските ( цел број) - однос меѓу производот на вредноста на кусорочните обврски и бројот на деновите во годината спрема трошоците од редовно работење | 162 | 41 |
| **ИИИ.** | **ПОКАЗАТЕЛИ НА ДЕЛОВНА УСПЕШНОСТ** | | |
| 11 | Добивка од редовно работење и од вонредни активности пред оданочување по работник во денари | 521.825 | 260.596 |
| 12 | Добивка за финансиската година по работник во денари | 429.650 | 225.828 |
| 13 | Загуба за финансиската година по работник во денари | | |
| 14 | Добивка за финансиската година во однос на вкупна актива во % | 1.32% | 3.96% |
| 15 | Добивка за финансиската година и амортизација во однос на вкупна актива во % | 2.56% | 10.27% |
| 16 | Добивка за финансиската година во однос на капитал и резерви во % | 1.48% | 5.19% |
| 17 | Однос меѓу добивка за финансиската година и приходите од редовно и вонредно работење во % | 6.98% | 5.28% |
| 18 | Просечна месечна бруто плата по работник во денари | 33.817 | 29.976 |
| 19 | Просечна месечна нето плата по работник во денари | 24.348 | 21.583 |
| 20 | Просечен број на вработени врзоснова на часови на работа - цел број | 42 | 52 |

**Финансискастабилност**

Финансиската стабилност како соднос на трајниот капитал и вкупната пасиваи знесува88,78% ( што е за 12 процентни поени повеќе во однос на 2014година)

**Ликвидност**

Ликвидноста на Друштвото во изминатата 2015 година се одржувашена ниво што овозможуваше непречено плаќање на обврските како што достасуваат. Во 2015 година друштвото беше континуирано ликвидно во своето работење.

Побарувањата по ситео снови се следат постојано и редовно се преземаат мерки и активности за нивна наплата.

Друштвото презема активностии за намирување на достасаните обврски спрема комитентите и добавувачите, при што е воспоставена целосна финансиска рамнотежа меѓу тековните средства од една страна и тековните обврски на друштвото од друга страна.

**Економичност**

Економичноста во работењето е резултат на односот на вкупниот приход и вкупниот расход за 2015година, при што коефициентот на ефикасност е 109,26% (што е за 3 ,12 процентни поени повеќе во однос на 2015 година)

**Рентабилност**

Рентабилноста во работењето, мерена со вкупниот приход во соднос со основните средства по сегашна вредност, во 2015 година изнесува 19,68% (што е за 60 процентни поени помалку во однос на 2014година).

**Профитна стапка**

Профитната стапка, искажана како соднос на нето добивката и трајниот капитал, за 2015 година изнесува1,48%

**11. Предлог за распределба на добивката**

Нето добивката утврдена со Годишната сметка за 2015 година на АД СОВРЕМЕН ДОМ Прилеп која изнесува 18,045 иљјади денари се предлага да се распореди за следните намени износ од 902 иљјади денари за законски резерви и износ од 17.143 иљјади денари за инвестиции во наредната година.

Извршен член на Одборот на директори

Ацо Дудулоски

-----------------------------------

Прилеп, 11,03,2015